# АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 158-б став (1) точка 4) и член 158-ѕ точка 1), а во врска со член 32 став (1) точка 13), член 134-ѓ став (2) точка 9) и член 146 став (2) точка 9) од Законот за супервизија на осигурување (“Службен весник на Република Македонија“ бр.27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 88/05, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10 и 44/11, 112/11, 7/12, 30/12, 45/12, 60/12, 64/12, 23/13 , 188/13, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 31/20, 173/22 и 3/25), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување на седница одржана на ден 27.8.2025 година донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА МИНИМАЛНИТЕ СТАНДАРДИ НА ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ НА ДРУШТВАТА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ, ОСИГУРИТЕЛНИТЕ БРОКЕРСКИ ДРУШТВА И ДРУШТВАТА ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за минималните стандарди на информациските системи на друштвата за осигурување, осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурување (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр.260/20), во член 6 став (2), во заградата зборовите: ”PMI, Prince 2, Agile, Scrum” се заменуваат со зборовите: “PMI и Prince 2”.

Член 2

(1) Во член 9 став (2) алинеите 11 и 12 се бришат.

(2) Алинеите 13, 14, 15, 16, 17, 18 и 19 стануваат алинеи 11, 12, 13, 14, 15, 16 и 17.

(3) Во алинејата 20 која станала алинеја 18 по зборовите: „регресни побарувања“ се додаваат зборовите: „за неживотно осигурување“.

(4) Алинејата 21 станува алинеја 19.

(5) Во алинејата 22 која станала алинеја 20, по заградата, интерпункцискиот знак точка запирка се заменува со запирка, а по запирката се додаваат зборовите: „како и регистрирање и постапување по претставките согласно воспоставениот систем на интерни процедури за вонсудско решавање на спорови меѓу осигурениците/корисниците на осигурувањето и друштвата за осигурување;“.

(6) Алинеите 23, 24 и 25 стануваат алинеи 21, 22 и 23.

Член 3

Насловот на членот 19 се менува и гласи: „Стратегија за деловен континуитет“.

Член 4

Членот 28 се менува и гласи:

„Друштвото за осигурување е должно документацијата од овој правилник да ја достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во следните рокови:

- По однос на обврските од член 3 став (3) и член 15 став (7) од овој правилник, најдоцна до 31.01 во тековната година за претходната година;

- По однос на обврските од член 16 став (5) и (6) од овој правилник, во рок од 15 дена од денот на спроведување на контролата од членот 16 став (5) од овој правилник, односно во рок од 15 дена од денот на добивањето на извештајот од членот 16 став (6) од овој правилник;

- По однос на обврските од член 17 став (2) и член 27 став (4) од овој правилник, најдоцна до 15.04 во тековната година за претходната година;

- По однос на обврските од член 13 став (4) од овој правилник, најдоцна до 15.07 во тековната година во однос на извештајот за првото полугодие од тековната година односно најдоцна до 15.01 во тековната година во однос на извештајот за второто полугодие од претходната година;

- По однос на обврските од член 14 став (5) од овој правилник, најдоцна до 15-ти во месецот кој следи по истек на кварталот за кој истиот се однесува;

- По однос на обврските од член 5 став (3) од овој правилник, во рок од 15 дена од денот на донесувањето;

- По однос на обврските од член 21 од овој правилник, во рок од 15 дена од донесувањето или ревидирањето и

- По однос на обврските од член 22 од овој правилник, во рок од 15 дена од тестирањето.“

Член 5

Членот 36 се менува и гласи:

„Друштвото е должно документацијата од овој правилник да ја достави до Агенцијата за супервизија на осигурување во следните рокови:

- По однос на обврските од член 34 став (6) од овој правилник, во рок од 15 дена од денот на спроведувањето на тестирањето од член 34 став (6) од овој правилник, односно во рок од 15 дена од денот на спроведување на тестирањето од член 34 став (7) од овој правилник;

- По однос на обврските од член 35 став (2) од овој правилник, најдоцна до 15.04 во тековната година за претходната година;.”

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 01-732/1
27 август 2025 година
Скопје

Совет на експерти
Претседател,
м-р **Ели Дракуловска,** с.р.